Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), директорот на управата за животна средина донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-7326/1
06. 10. 2022 20 год.-v.
СКОПЈЕ SHKUP

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Стратегиски План за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион**

1. За планскиот документ *Стратегиски План за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион* кој се носи согласно Одлука (44 COM 7B.77), донесена на Комитетот на светско наследство на својата 44-та сесија одржана во Фужу, Кина (2021 година), Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Одлука дека не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страницата на Министерство за животна средина и просторно планирање и на Министерство на култура.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ *Стратегиски План за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион*, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
   - стратегиска оцена на животната средина е изработена за плански документ од повисок ранг (План за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029)) и се овозможува избегнување на дуплирање на оценувањето на влијанието врз животната средина.
   - органот кој го подготвува планскиот документ ги зема предвид релевантните расположливи информации за ефектот на повисокиот плански документ врз животната средина кои биле добиени при донесувањето на тој плански документ, со имплементација на мерките наведени во Стратегискиот План ќе се воспостави систем за континуирана заштита и интегрирано управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион на национално, билатерално и на меѓународно ниво.

Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на веб страницата.

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
| --- | --- |
| **Назив на планскиот документ** | Стратегиски План за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион |
| **Орган надлежен заизработка на планскиот документ** | Министерство за животна средина и просторно планирање<br>и Министерство за култура |
| **Орган надлежен задонесување на планскиот документ** | Влада на Република Северна Македонија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
| --- | --- |
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Зоран Павлов<br><br>д-р Емилија Апостолова Чаловска<br><br>Координатори на работна група за изработка на Стратегискиот план за рехабилитација на Охридскиот регион, назначен со<br>решение на Влада на РСМ бр. 40-11368/1 од 09.11.2021 год |
| **Назив на работното место** | Раководител на сектор за превенција и инспекциски надзор на културно наследство,Министерство за култура-управа за заштита на културното наследство<br><br>Професор на Институт за фолклор „Марко Цепенков“ , Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје |
| **Контакт податоци залицето** | z.pavlov@uzkn.gov.mk<br><br>apostolova_ema@yahoo.com |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Заедничките реактивни мониторинг мисии на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела ИКОМОС и ИУЦН во светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, реализирани во 2017 и 2020 година, констатираа дека општата состојба со заштитата на доброто е под влијание на бројни закани кои може да претставуваат опасност за автентичноста и интегритетот на доброто, односно неговата ИУВ, во согласност со алинеите 179 и 180 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за светско наследство (WHC.21/01). Следствено, Центарот за светско наследство ја оцени состојбата со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион како ранлива поради неколку фактори: неконтролирана урбанизација и инфраструктурно планирање, масовен туризам, како и несоодветна конзервација и заштита на културното и природното наследство, кои резултирале со бројни негативни последици врз неговите атрибути, ИУВ и врз животот на локалните заедници.<br><br>Поради бројните закани, предизвици и недостатоци со кои изминатите години се соочува управувачката структура за заштита на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, *Комитетот на светско наследство на својата 44-та сесија одржана во Фужу, Кина (2021 година) донесе **Одлука (44 COM 7B.77)*** според која земјите - членки Република Северна Македонија и Република Албанија треба да изготват *Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион*, кој ќе содржи акциски план со мерки за имплементација во даден временски рок, а кои целосно ќе се темелат и врз препораките од Реактивните мониторинг мисии на УНЕСКО од 2017 и 2020 година. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да Х<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Со овој плански документ не се врши измена на постоечки плански документи, туку тој се надоврзува на Планот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион (ПУПКН) и има за цел да дефинира мерки за рехабилитација на нарушеното природното и културно наследство согласно препораките на УНЕСКО и постоечки плански документи . |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Согласно член 65 став 2 стратегиска оцена се спроведува на плански документи со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или<br>се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја.<br>Охридскиот Регион е заштитено подрачје. Регионот во 1979 година е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности (според критериумот (iii), односно сега критериум (vii). Во препораките од евалуацијата спроведена од страна на Меѓународна унија за заштита на природата (IUCN) во 1979 година е укажано дека впишувањето на Листата на светско наследство треба да се темели и на културните вредности на доброто. Затоа, во 1980 година е извршено проширување на номинацијата со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii) и (iv) и доброто е впишано под името „Охридски Регион со неговите |

културни и историски аспекти и неговата природна средина." Во 2006 година, извршена е промена на именувањето на доброто во „Природно и културно наследство на Охридскиот Регион "(30 COM 8B.9, Вилнус, Литванија), додека во 2009 година е извршена мала модификација на неговите граници (33 COM 8B.40, Севилја, Шпанија).

Во 2018 година, Република Албанија поднесе номинација за проширување на „Природното и културно наследство на Охридскиот Регион ", со вклучување на останатиот дел од Охридското Езеро, што беше одобрено од Комитетот за светско наследство на неговата 43-та седница (43 COM 8B.9, Баку, Азербејџан, 2019 година). Денес, Светското наследство „Природно и културното наследство на Охридскиот Регион" ужива највисок степен на национална и меѓународна заштита. Оттука, грижата за неговите атрибути и вредности се одговорност на секој поединец и на целата меѓународна заедница.

Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион треба да гарантира имплементација на препораките на УНЕСКО, со цел ограничување и стопирање на заканите и факторите кои може да имаат негативно влијание врз ИУВ на доброто. Планот е солидна основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што ќе се обезбеди рамнотежа помеѓу заштитата на доброто и неговото одржливо користење.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>**Не √** | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Неможе да се определи во оваа фаза

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Природно и културното наследство на Охридскиот Регион (со површина од 83,350 ha) ужива највисок степен на национална и меѓународна заштита. Стратегискиот план ја нагласува потребата од зголемување на степенот на заштита на ИУВ на регионот и од подигање на свеста за вредностите на Охридскиот Регион, што е основен императив за заштита на доброто.
Оттаму, овој плански документ не се очекува да има значајни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од став (4) на член 65.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука којаќе се донесе.**

Стратегискиот план треба да гарантира имплементација на препораките на УНЕСКО, со цел ограничување и стопирање на заканите и факторите кои може да имаат негативно влијание врз ИУВ на доброто. Планот е солидна основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што ќе се обезбеди рамнотежа помеѓу заштитата на доброто и неговото одржливо користење.

Составен дел на Стратегискиот план е Акциски План во кој, врз основа на претходни анализи на состојбата и заканите по ИУВ на природното и културното наследство во Охридскиот Регион, се

| |
|---|
| дефинирани мерките со кои ќе се отстранат односно ќе се ограничат заканите, а содржани се и показатели (индикатори) врз основа на кои ќе се утврди дали целта дефинирана со мерката е постигната целта. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Донесувањето на планот и временскиот период не произлегува од закон и нема утврден рок |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Донесувањето на планот и временскиот период не произлегува од закон и нема утврден рок |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Територијата која ја опфаќа заштитеното добро - Природно и културно наследство на Охридскиот Регион на македонска страна изнесува 83,350 ha. Со прекугранично проширување на заштитеното добро кое го опфаќа и албанскиот дел на Охридското Езеро се додаваат и уште 11,378.6 ha површина. |

"Natural and Cultural Heritage in Ohrid Region"




| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
|---|
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |

<table>
<tr><td colspan="2">Да√<br>Не</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлукитедали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со имплементацијата на мерките наведени во Стратегискиот план ќе се воспостави систем за континуирана заштита и интегрирано управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион на национално, билатерално и на меѓународно ниво. Доследното спроведување на мерките за рехабилитација е неопходно потребно во насока на справување со бројните закани и притисоци со кои се соочува заштитениот регион, а кои се напластувале од времето на неговото впишување на Листата на светско наследство, до денес. Мерките за рехабилитација содржани во Стратегиски план се структуирани во 7 стратешки цели (дадени во продолжение на формуларот). Со имплементација на овие активности ќе постигне зачувување, но и развој на природното и културното наследство на Охридскиот регион.<br><br>При спроведување на мерките од акциониот план, доколку за дел од активностите ќе биде потребно подготовка на план или проект, треба да се изработуваат: извештаи за стратегиска оцена на животната средина, студии за оцена на влијанијата од проектот врз животната средина, студија за оцена на влијание врз културно наследство или елаборати за заштита на животната средина на ниво на проектна документација.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Имплементацијата на активностите од Планот ќе предизвикаат позитивни долгорочни влијанија врз природното и културното наследство, како и на и останатите медиуми и области од животната средина.<br><br>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата кои ќе потекнуваат од дел од мерките наведени во Стратегискиот План е утврдена во претходни студии и извештаи ( на пр. за мерката Воспоставување на систем за управување со отпад, влијанијата се обработени во студија за ОВЖС за „Воспоставување на интегриран и финасиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски и Југозападен регион). За оние активности за кои не се анаизирани веројатноста,времетраењето и фрквенцијата на влијанијата ,ќе се утврди на ниво на конкретни плански и проектни активности.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето налуѓето</td><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето е анализирана во рамки на СОЖС за ПУПКН на Охридски регион.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион се изработува заеднички од страна на Република Северна Македонија и на Република Албанија, во согласност со Одлуката (44 COM 7B.77) на Комитетот на светско</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | наследство на својата 44-та сесија одржана во Фужу, Кина (2021 година). |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Влијанија кои ќе потекнуваат од конкретни проектни активности ќе се утврди на ниво на конкретни плански и проектни активности |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќебиде засегната).** | Опсегот на Стратегискиот план е на територијата на две држави Република Северна Македонија и Република Албанија.<br>Најдиректно засегнати се општините на чија територија се наоѓа заштитеното подрачје. Општините Охрид (51.428), Струга (50.980) и Дебарца (3.719) во Северна Македонија со вкупно 106 125 жители и 221.706 во областа Корча во Албанија.<br>Директно засегнати се Р.С. Македонија и Р. Албанија како држави потписнички и чувари на УНЕСКО Светското природно културно наследство: 1,836.713 жители Р. С. Македонија и 2,876,591 жители Р. Албанија.<br>Имајќи ја предвид дефиницијата за Светско наследство: Светското наследство е она што ни е преостанато од минатото, со кое живееме денес и што ке го пренесеме на идните генерации. Нашето природно и културно наследство е незаменлив извор на живот и инспирација. Подрачјата кои се прогласени за светско наследство припаѓаат на сите луге и народи во светот, без разлика на територијата на која се лоцирани, засегнати се сите сегашни и идни генерации. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Доследното спроведување на мерките за рехабилитација е неопходно потребно во насока на справување со бројните закани и притисоци со кои се соочува заштитениот регион, а кои имале економски и социјални влијанија и кои се напластувале од времето на неговото впишување на Листата на светско наследство, до денес.

Позитивното влијание врз социјалните аспекти се согледува преку намалување на изворите на загадување кои претставуваат закана за животната средина и здравјето на населението како доизградба на колекторски систем, воспоставување на систем за управување со отпадот, регулирање на внатрешна пловидба во езерото, отстранување на бесправни градби, контролирана урбанизација и сл.

За да се намалат негативните влијанија и несогласување од отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во старо градско јадро на Охрид, во Стратегискиот План е предвидено воспоставување на посебна програма во Буџетот на МК и Буџет на ОО за финансирање на мерките.

Стратегискиот план ќе има и позитивно влијание врз социо-економските развој на регионот, општините, изразено преку зголемување на деловни и трговски услуги кои допринесуваат за стимулирање на развојот на останатите дејности како одржлив туризам, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалните самоуправи, зајакнување на соработка со граѓански здруженија, финансирање од меѓународни фондови, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Преку имплементација на мерките ќе се воспостави систем за континуирана заштита и интегрирано управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион на национално, билатерално и на меѓународно ниво.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Стратегискиот план ја нагласува потребата од зголемување на степенот на заштита на ИУВ на приордното и културното наследство регионот и од подигање на свеста за вредностите на Охридскиот Регион, што е основен императив за заштита на доброто. Исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион е резултат на милениумската интеракција меѓу природните особености и човековите дејности. Спојот меѓу извонредните природни феномени со богатото материјално и нематеријално културно наследство и неговите бројни атрибути, го прави овој регион навистина уникатен. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. Напротив, имплементација на мерките ќе доведе до подобрување на стандарите за квалитет на животната средина. |

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето** | / |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Долгиот историски континуитет на овој регион, природните влијанија, формирале идентитет со карактеристични специфики на оваа мала територија. Ккрајбрежните населби (Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта),граските јадра на Охрид и Струга на овој регион даваат пејсажни вредности кои се во хармонија со морфологијата на теренот, вегетацијата и воденото огледало на езерото. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Стратегискиот план треба да гарантира имплементација на препораките на УНЕСКО, со цел ограничување и стопирање на заканите и факторите кои може да имаат негативно влијание врз ИУВ на доброто. Планот е солидна основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што ќе се обезбеди рамнотежа помеѓу заштитата на доброто и неговото одржливо користење.

Управувачката рамка на регионот сѐуште се состои од бројни закони и стратешки документи кои меѓусебе не се усогласени, односно не постои интегриран пристап во управувањето. Постојните акти за заштита на природното и културното наследство содржат режими и мерки за заштита кои не се во согласност со заштитата на ИУВ на доброто и овозможуваат активности со кои се нарушуваат неговите културни и природни вредности.

Овој Стратегиски план ги лоцира тие недостатоци во механизми, алатки, постапки и претставува рамка за спроведување на други активности и проекти (на пример ќе се допрецизира на законската рамка со цел заштита на природното и културното наследство, ќе се воспостави систем за управување со отпад, ќе се воспоставување на систем за контрола на внатрешната пловидба итн.)

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина.**
**(пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Не може да се одреди во оваа фаза.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на**

| |
|---|
| **животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставнитепланови)**<br><br>Предложените мерки во Стратегискиот план се и во насока и на постигнување на Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите Нации кои претставуваат јасна визија за одржлива иднина. Стратегискиот план треба да гарантира имплементација на препораките на УНЕСКО, со цел ограничување и стопирање на заканите и факторите кои може да имаат негативно влијание врз ИУВ на доброто. Планот е солидна основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што ќе се обезбеди рамнотежа помеѓу заштитата на доброто и неговото одржливо користење.<br>Заштитата и одржливиот развој на природното и културното наследство на Охридскиот Регион се условени од активното учество на сите засегнати страни во регионот. Со цел Стратегискиот план за рехабилитација да даде одговори на предизвиците кои произлегуваат од заедничкото управување, во неговата изработка базична беше размената на идеи и експертизи од сите чинители кои се засегнати со светското наследство. Овој пристап ќе овозможи Стратегискиот план да биде одржлив и ефективен заштитен инструмент, кој успешно ќе се имплементира во иднина. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документможе да ги реши или намали.)**<br><br>Имплементацијата на мерките од Стратегискиот план ќе допринесат за директно или индиректно намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност, природното и културното наследство, подобрување на состојбата на квалитетот на воздухот, здравјето на населението, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, начинот на управување со отпад и сл. Имплементацијата на планскиот документ ке предизвика промена во другите секторски политики и донесени стратегии, како и во плановите кои треба да се прилагодат во функција на обезбедување соодветна заштита на природното и културното наследство.<br><br>Изведбата на предвидените активности кои вклучуваат чистење и отстранување на диви депонии, отстранување на дивоградби, отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди од заштитени културни добра и сл. може да предизвика нарушување на геолошките, хидролошките и хидрогеолошките карактеристики на локациите, влијанија на биолошката разновидност, пределот, ќе се генерира зголемено ниво на бучава, вибрации, ќе се генерира отпад. Исто така овие активности може да предизвикаат негативни влијанија врз населението и нивното здравје. За да се намалу влијанието, потребно е доследно следење на мерките наведени во документе за заштита на животната средина како и во СОЖС подготвена за ПУПКН на Охридски регион каде се анализирани овие влијанија.<br>Една од стратешките цели е и зајкнување на прекугранична соработка со што ќе се намалат еколошките проблеми со кои се соочува регионот во однос на Усогласување на степенот на заштита и режимите на заштита на езерото во прекуграничен контекст, воспоставување на Риболовни квоти итн. |

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Стратегискиот план е изработен во согласност со мерките кои се содржани во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029 година), како и со останатите плански документи кои се релеавантни за Охридскиот Регион, национални стратешки документи, студии, анализи и извештаи. Исто така, како појдовна основа за дефинирањето на главните категории на закани од кои директно произлегуваат стратешките цели зацртани во планот, беа темелно проучени сите досегашни одлуки на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО кои се однесуваат на Охридскиот Регион (од 1998 до 2021 година), како и сите Извештаи од Реактивните мониторинг и советодавни мисии на Центарот за светско наследство и неговите советодавни тела ИКОМОС и ИУЦН (во 2012, 2013, 2017, 2019 и 2020 година).

Исто така, овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.
- Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија
- Национална Транспортна Стратегија 2017 – 2030
- Програма за развој на Југоисточен плански регион
- ГУП за општина Охрид 2014-2024
- ГУП за општина Струга 2007-2017
- Просторен план на Охридско-преспански регион (2005-2020 година);
- План за управува со Националниот парк Галичица 2021 - 2030;
- План за управување со слив на ОХридско Езеро;
- Национална стратегија за развој на културата (2013-2017);
- Национална стратегија за заштита на природата (2017-2027);
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019);
- Стратегија за управување со отпад (2000-2020);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020); Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006);
- Национална Стратегија за води (2011-2041);
- Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013);
- Акционен план за развој на туризмот 2016 - 2020
- Национална стратегија за рурален туризам (2012-2017);
- Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020
- План за управување со Националниот парк „Галичица“. ЈУ НП Галичица. Охрид, 2021.
- Риболовна основа за риболовното подрачје Охридско Езеро за периодот 2009 - 2014 година. ЈНУ Хидробиолошки завод. Охрид, 2008.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле**

**предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот планскидокумент.**

Овој плански документ се надоврзува на ПУПКН на Охирдски Регион кој претставува повисок плански документ и за кој претходно е спроведена стратегиска оцена. Органот кој го подготвува овој планскиот документ ги зема во предвид релевантните расположливи информации за ефектот на повисокиот плански документ врз животната средина кои биле добиени при донесувањето на тој плански документ.

Со постапката за СОЖС за Планот за управување со природното и културното наследство на Охридски регион се интегрираат прашањата од областа на животната средина при носењето на одлуки за обемот и начинот на спроведување на Планот. Притоа органите (Министерство за култура и Министерство за животна средина и просторно планирање) надлежни за спроведување на Планот, при неговото ревидирање и финализирање, ги земаат предвид следното:

- Состојбите и трендовите на областите и активностите во животната средина, што може да имаат влијание или да бидат засегнати од спроведувањето на Планот ;
- Целите на животната средина и индикаторите за нивно постигнување при спроведувањето на Планот ;
- Веројатните значајни ефекти врз животната средина што може да настанат како резултат од спроведувањето на Планот;
- Мерките за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија;
-Ставовите, потребите и информациите обезбедени од засегнати страни (вклучително и од надлежни органи), во државата и во прекугранichen контекст.

Стратегиска оцена на животната средина во согласност со Законот за животната средина („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) е изработена напоредно со ревидирањето на Планот. Овие два процеси, овозможуваат соодветно вградување на целите за заштита на животната средина и мерките за намалување на влијанијата врз Исклучителната Универзална Вредност (ИУВ) на Охридскиот Регион во рамките на Планот. Целиот процес на СОЖС воден преку директна соработка со Носителите на Планот, води кон подобра заштита и управување со животната средина (со посебен акцент на природното и културно наследство) и промовира одржлив развој во Охридскиот Регион, како и стимулирање на процесот на консултација со јавноста и засегнатите страни. Исто така, го зајакнува процесот на креирање политики, планирање и донесување на Планот, а со тоа обезбедува голем број на моментални и долгорочни придобивки за носителите на одлуките како локална самоуправа, надлежните органи,јавни институции итн. СОЖС се фокусира на влијанијата кои не можат лесно да се решат на ниво на проект (како што е случајот на кумулативните влијанија), односно проблеми коишто треба да се решат на стратегиско ниво. За таа цел во СОЖС за ПУПКНОР се идентификувани клучните прашања што треба да се оценат, составени врз основа на препораките на УНЕСКО, прашањата покренати од засегнатите институции и прашањата што предизвикуваат загриженост кај јавнота и невладиниот сектр, како и експертскиот наод на тимот на студијата за СОЖС.

Со оглед на фактот што станува збор за комплексен систем кој ги опфаќа заштитата на природата и културното наследство, истиот е во интеракција со многу други плански документи, програми и стратегии. Поради тоа потенцијалното постоење на директни и индиректни врски помеѓу предметниот план и други плански документи на локално, регионално, национално и/или меѓународно ниво, потребно е да се анализира нивната компатибилност и усогласеност рамките на постапката за стратегиска оцена на животната средина. Овој тип на анализа треба да утврди дали евентуално постои конфликт во

усогласеноста помеѓу целите на различните плански документи, па доколку истата се утврди, тогаш потребно е дефинирање на мерки за обезбедување на компатибилноста. За потребите на анализата на врските и компатибилноста помеѓу Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион за период 2019-2028 година и другите плански документи, во рамките на постапката за СОЖС на предметниот план анализирани се повеќе плански документи на локално, регионално и национално ниво од следните клучни области: а) Управување со заштитени подрачја; б) Заштита на животната средина; в) Економски развој; г) Одржлив развој, д) Релевантни области – туризам, енергија, транспорт, социјална политика. Идентификувани се потенцијалните позитивни и негативни влијанија од спроведувањето на Акцискиот план. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз водата, воздухот, почвата, биодиверзитетот, пределите и нивните пејзажни вредности, природното и културното наследство, како и влијанијата врз социо-економската состојба и здравјето на луѓето во Охридскиот Регион (општините Охрид,Струга и Дебрца).

Органот кој го подготвува планскиот документ ги зеде предвид релевантните расположливи информации за ефектот на повисокиот плански документ врз животната средина кои биле добиени при донесувањето на тој плански документ и при спроведената стратегиска оцена за истиот, со што се овозможува избегнување на дуплирање на оценувањето на влијанието врз животната средина.

Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена за голем дел националните плански и стратешки документи како на пример: Националната стратегија за транспорт, Стратегијата за води, Третиот национален план на РМ кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, Планот за управување со Националниот парк Галичица и сл.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба наобјект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација ќе биде голем предизвик и за институциите и за сите надлежни субјекти кои неизоставно треба да бидат вклучени во спроведувањето на мерките и активностите и нивното континуирано следење со дефинираната динамика бидејќи само со интегриран пристап и ангажман може да се постигнат зацртаните цели. Во таа смисла, транспарентноста во имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација, ќе ја нагласи и отчетноста и одговорноста на сите надлежни субјекти.

Мониторинг на спроведување на Стратегискиот план за рехабилитација ќе врши Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, преку редовно доставените информации / извештаи од страна на надлежните институции. Комисијата ќе треба да го подигне нивото на координација во остварувањето на надлежностите на институциите, кои во практика се фрагментирани, изолирани и не обезбедуваат соодветна заштита на доброто.

Мониторинг на спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација ќе врши и Владата на Република Северна Македонија, преку формирање на посебна Комисија, како постојано тело, до кое субјектите надлежни за имплементација на Стратегискиот план за рехабилитација, еднаш месечно ќе доставуваат извештај. Исто така организирањето надзорна расправа во Собранието на Република Северна Македонија ќе биде уште една соодветна алатка за следење на примената на Стратегискиот план за рехабилитација, а во таа смисла, и на Државниот завод за ревизија ќе му биде овозможен надзор над спроведувањето на планот и активностите.

На билатерално ниво контролата на спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација

| | |
|---|---|
| ќе биде следено и од билатералниот Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро. Со ваквиот систем на поставеност на имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација извесно е дека ќе се обезбедат информациите кои се потребни за редовно известување кон телата на УНЕСКО и за остварување на прекуграничната соработка со Република Албанија.<br>Земјите-членки, Република С.Македонија и Република Албанија, ќе го информираат Центарот за светско наследство на УНЕСКО за постигнатиот напредок во однос на имплементацијата на мерките за рехабилитација, во рамките на годишниот Извештај за состојбата на доброто (SOC report). Со следењето на имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација ќе се документираат вредностите на доброто заради кои тоа има ИУВ, а воедно ќе се потврди дека тие соодветно се одржуваат и се унапредуваат. Истовремено, искуствата од имплементација на Планот позитивно ќе влијаат и на приспособување на управувачките активности во иднина. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име наорганот | Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor<br>Директор/Drejtor<br>Hisen Xhemaili |
| Датум<br>Место | М.П. |


Стратешки цели
I. Ефективен систем за заштита и управување со природното и културното наследство на регионот на Охридското Езеро ***
II. Контролирана урбанизација и одржлив развој
III. Контролирано инфраструктурно планирање
IV. Планирање и развој на одржлив туризам


I. Ефективен систем за заштита и управување со природното и културното наследство на регионот на Охридското Езеро
I.А Правна рамка за интегрирана заштита и управување со природното и културното наследство на регионот на Охридското Езеро
I.Б Јакнење на финансиските и на стручните капацитети и подигнување на јавната свест
I.В Јакнење на прекугранична соработка со Република Албанија